Република Македонија
ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
- Генерален секретаријат -
Бр.04-3673/29
7.6.2018 година
Скопје

Врз основа на член 52 од Законот за административни службеници („Службен весник на Република Македонија" бр.27/2014, 199/2014, 48/2015 , 154/2015, 5/2016, 142/2016 и 11/2018) и Правилникот за формата и содржината на интерниот оглас, начинот на поднесување на пријавата за унапредување, начинот на спроведување на административната селекција и интервјуто, како и начинот на нивно бодирање и максималниот број на бодови од постапката на селекција, во зависност од категоријата на работно место за кое е објавен интерниот оглас („Службен весник на Република Македонија" бр. 11/2015 и 35/2018), а во врска со Интерниот оглас 1/2018 објавен на 9.5.2018 година и исправката на Интерниот оглас 01/2018 за унапредување на административни службеници во Генералниот секретаријат на Владата на Република Македонија, објавен на 10.5.2018 година на интернет страниците на Владата на Република Македонија и на Агенцијата за администрација, за унапредување на административни службеници генералниот секретар на Владата на Република Македонија донесе

**ОДЛУКА**
**за избор на 1 извршител - кандидат за унапредување на работно место советник за анализа на тековни економски прашања**

1. За извршител на работите на работно место советник за анализа на тековни економски прашања, во Одделението за тековни економски политики, во Секторот за економски политики структурни реформи и инвестиции при Генералниот секретаријат на Владата на Република Македонија се избира кандидатот **Даниел Јосифовски.**
2. Именуваниот ќе биде унапреден на работно место од предходната точка, по конечноста на оваа одлука, за што ќе се донесе посебно решение за унапредување.
3. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

**Образложение**

Комисија за селекција на кандидати за унапредување формирана со Решение на генералниот секретар на Владата на Република Македонија бр.04-3673/16 од 17.5.2018 година, во функција на спроведување на постапката за унапредување на административен службеник за извршување на работите од точка 1 на оваа одлука, по објавување на Интерниот оглас 1/2018 на 9.5.2018 година и исправката на истиот објавена на 10.5.2018 година на интернет страниците на Владата на Република Македонија и на Агенцијата за администрација, за унапредување на работно место советник за анализа на тековни економски прашања, во Одделението за тековни економски политики, во Секторот за економски политики структурни реформи и инвестиции, спроведе проверка на веродостојноста на доказите и интервју за наведеното работно место.

По спроведената проверка на веродостојноста на доказите, интервјуто и извршеното бодирање, Комисијата изготви конечна ранг-листа.

Врз основа на предложената конечна ранг-листа, генералниот секретар на Владата на Република Македонија изврши избор како во депозитот на оваа одлука.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против оваа одлука може да се изјави жалба до Агенцијата за администрација, во рок од 8 дена од објавувањето на одлуката на веб страницата.

**ДОСТАВЕНО ДО:**

- Именуваниот
- Одделение за управување со човечки ресурси
- Агенција за администрација
- Архива

**ГЕНЕРАЛЕН СЕКРЕТАР НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

**д-р Драги Рашковски**